Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-18597/10
06-12-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Мешовито друштво за производство, промет и услуги
ГРАНИ-ПРИ увоз-извоз ДОО с. Желино
Бр. 02-12/23
2023 год.
Желино

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22 и 129/23), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гранит на Мешовитото друштво за производство, промет и услуги ГРАНИ - ПРИ увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино на локалитетот „Голем Камен - Котелот" с.Лопатица, општина Прилеп бр.41-8783/7 од 14 ноември 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.243/23) и членот 23 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Голем Камен - Котелот" с.Лопатица, општина Прилеп бр.24-5557/1 од 13.11.2014 година,

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Kreshnik Bekteshi
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Мешовитото друштво за производство, промет и услуги ГРАНИ - ПРИ увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино
со адреса: Ул.101 бб Желино, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Алдин Муратовиќ
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _________ 2023 година во Скопје, склучија:

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ГРАНИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГОЛЕМ КАМЕН - КОТЕЛОТ" С.ЛОПАТИЦА, ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Голем Камен - Котелот" с.Лопатица, општина Прилеп бр.24-5557/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

Член 2

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Голем Камен - Котелот" с.Лопатица, општина Прилеп бр.24-5557/1 од 13.11.2014 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гранит на локалитетот „Голем Камен - Котелот" с.Лопатица, општина Прилеп бр.24-5557/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| За Концедентот<br>ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,<br>Kreshnik Bekteshi | За Концесионерот<br>Мешовито друштво за<br>производство, промет и услуги<br>ГРАНИ - ПРИ<br>увоз-извоз ДОО с.Желино, Желино<br>Алдин Муратовиќ |

Изработил/Përpiloi: Fatmir Shaqiri
Контролирал/Kontrolloi: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ